**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-47/2**
**Скопје,02.04.2025 година.**

Записник од дваесет и втора седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 02.04.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и втората седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дваесет и втората седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 15-та, 16-та, 17-та, 18-та, 19-та, 20-та и 21-ва седница на Советот
2. Рагледување на предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија поднесена од Владата на Република Северна Македонија
3. Разно

Вака предложениот дневен ред од страна на претседателот на Советот беше едногласно усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка 1 од дневниот ред од страна на членовите на Советот едногласно беа усвоени записниците од 15-та, 16-та, 17-та, 18-та, 19-та, 20-та и 21-ва седница на Советот.

Пред да се помине на точка два од дневниот ред членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ зема збор и предложи согласно членот 10-а од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ да се исклучи јавноста заради заштита на угледот и интегритетот на Јавниот обвинител на РСМ и заради заштита на доказите и фактите кои се приложени од страна на Јавниот обвинител на РСМ во неговото произнесување по Предлогот од Владата на РСМ за разрешување пред истекот на мандатот како Јавен обвинител на РСМ.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека имајќи ја во предвид сензитивноста на ситуацијата поврзана со трагедијата во Кочани и водењето на истрагата за тој случај, а поради заштита на угледот и интегритетот на Јавниот обвинител на РСМ, согласно член 10-а од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, смета дека седницата треба да биде нејавна, односно јавноста да биде исклучена. Како дополнителна причина наведе дека во одговорот на Јавниот обвинител на РСМ се изнесуваат податоци, информации и прилози кои што се поврзани со дисциплинската постапка која е во тек пред Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност за сторена дисциплинска повреда спрема двајца јавни обвинители. Се согласи со предлогот на членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ јавноста да биде исклучена по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска согласно членот 10-а од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, предлогот на членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ го стави на гласање.

Едногласно од страна на членовите на Советот беше одлучено јавноста да биде исклучена по оваа точка од дневниот ред.

Откако јавноста ја напушти седницата претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека членовите на Советот се запознаени со предлогот за разрешување од функцијата на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија поднесен од Владата на РСМ, потпишан од страна на премиерот на РСМ и доставен до Советот на јавните обвинители. Воедно ги прочита наводите искажани во предлогот за разрешување пред истекот на мандатот, имено од страна на Јавниот обвинител на РСМ биле направени крупни професионални грешки што довело до нарушување на ефикасноста и функционалноста на ЈОРСМ, понатаму дека неовластено изнесувал податоци за судски предмети со што ја повредил обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со Закон и го нарушил угледот на Јавното обвинителство непостапувајќи согласно уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со уставот. Кажа дека ваквиот предлог има и образложение кое исто така е дадено на запознавање на членовите на Советот, како и произнесувањето од страна на Јавниот обвинител на РСМ со докази кои Јавниот обвинител на РСМ сметал дека се битни, а тоа е задолжителното упатство кое е декласифицирано од страна на Јавниот обвинител и извештаите од извршениот надзор, како и записникот од стручниот колегиум одржан на 31.07.2024 година во ЈОРСМ. Кажа дека Јавниот обвинител смета дека предлогот е

неоснован, дека не се исполнети законските претпоставки за престанок на неговата функција како јавен обвинител на РСМ пред истекот на мандатот повикувајќи се на чл. 88 ст. 2 од ЗЈО и чл.91 алинеа 1 до 6 од ЗЈО. Воедно кажа дека членовите на Советот го имаат добиено на запознавање произнесувањето на Јавниот обвинител на РСМ по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева смета дека предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ – Љупчо Коцевски пред истекот на мандатот е неоснован и не се исполнети законските претпоставки од причина што: согласно чл.88 од ЗЈО предвидени се два основа за разрешување на јавниот обвинител на РСМ пред истекот на мандатот. Еден од основите е сторена тешка дисциплинска повреда-таксативно наведено во чл.91 од ЗЈО, а другиот основ е членство во политичка партија. За ниту еден од основите во предлогот на Владата на РСМ за разрешување на јавниот обвинител на РСМ не е доставен доказ, односно основани, јасни и објективни аргументи за предвремен престанок на функцијата. Напротив смета дека во една сериозна состојба која се случи во Кочани, одговори на ниво на задачата и од тие причини смета дека Советот на јавните обвинители треба да даде негативно мислење.

Членот на Советот Зорица Павловиќ кажа дека и нејзиното мислење ќе биде негативно против предлогот на Владата на РСМ за предвремен престанок на функцијата Јавен обвинител на РСМ, од причина што не се исполнети законските услови од ЗЈО за разрешување од функцијата јавен обвинител пред истекот на мандатот.

Г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека по разгледувањето на предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ пред истекот на мандатот, а согласно чл.88 ст. 1 од ЗЈО, смета дека во ЗЈО не е предвидена постапка или процедура за утврдување на одговорност на Јавниот обвинител на РСМ за сторена дисциплинска повреда и во овој случај не би ги елаболирала причините за кои е доставен предлогот од страна на Владата на РСМ, но имајќи ја во предвид одредбата во чл. 27 од ЗЈО, Јавниот обвинител на РСМ е одговорен за општите состојби во врска со организирањето и извршувањето на функцијата јавен обвинител на РСМ и за својата работа и работата на ЈОРСМ одговара пред Собранието на РСМ. Воедно кажа дека ќе даде позитивно мислење на предлогот на Владата на РСМ за предвремен престанок на функцијата Јавен обвинител на РСМ.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека Советот на јавните обвинители на РСМ треба да даде мислење на предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, кој предлог е правно конфузен, без факти и докази. Се тврди дека сторил тешка дисциплинска повреда од чл.91 од ЗЈО, а за каква повреда се работи не е јасно од самиот предлог на Владата на РСМ. Во диспозитивот како основа за разрешување се наведени причини, а кои може да се подведат под одредбата на чл.91 ст.1 алинеја 6, 5 и 1 од ЗЈО, за да во образложението се наведува дека се сторени повреди од чл. 91 ст.1 алинеја 3 и 5, видно и во самиот заклучокот. Понатаму кажа дека предлогот не содржи факти за сторени пропусти или крупни професионални грешки во поглед на слабите резултати во работењето на јавното обвинителство во целина, нарушена ефикасност и

функционалност, нарушени меѓучовечки односи во јавното обвинителство, повреда на обврската за тајност на постапката преку неовластено изнесување на информации и податоци за предмети, се работи за тврдења кои се без факти и докази. Кажа дека како тешка професионална грешка е наведено и донесувањето на задолжителното упатство од 31.07.2024 година, односно се тврди дека актот е донесен надвор од границите на законските овластувања. Упатството било со ознака ДОВ, класифициран документ се до доставувањето на одговорот по повод предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, кој поради постапката го декласифицирал документот и го достави до Советот. На овој начин Советот можел да изврши увид и да има појасна слика во однос на тврдењата во поглед на ова упатство и доставениот записник од стручниот колегиум во ЈОРСМ, како доказ дека на овој колегиум едногласно бил донесен заклучок дека се согласни со содржината, односно донесувањето на задолжителното упатство на Јавниот обвинител на РСМ, но не и со донесеното упатство на вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје. Смета дека јавниот обвинител дал исцрпен одговор на сите наводи и повреди кои му се ставаат на товар и тоа со статистички податоци, факти како и докази. Воедно кажа дека како правна дилема се поставува и следното, а тоа е како Советот може да цени дали Јавниот обвинител на РСМ направил тешка дисциплинска повреда, кога процедура за утврдување на дисциплинска одговорност не е предвидена. Меѓутоа имајќи го во предвид изложеното во однос на самиот предлог за разрешување каде само нешто се тврди, но без факти и докази, смета дека не може да даде поинакво мислење освен негативно мислење по предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ.

Г-дин Ардиан Демири во неговото излагање кажа дека се приклучува кон дискусијата на колешката Марјана Илиеска која се осврнала на законската одредба за утврдување на дисциплинска одговорност на Јавниот обвинител на РСМ, меѓутоа кажа дека во самиот Закон за јавното обвинителство не е јасно регулирани како да се реализира. Кажа дека се има обидено да изнајде некакво решение во Правилникот за водење на дисциплинска постапка кој го носи СЈОРСМ и тука не е предвидена можноста за водење на дисциплинска постапка против Јавниот обвинител на РСМ. Кажа дека сите настанати околности укажуваат на тоа дека, а имајќи во предвид дека одлуката на Советот ќе биде колективна, но не е задолжителна поточно истата е советодавна и во ЗЈО во чл. 5 каде се врши дистинкција во однос на Јавниот обвинител на РСМ и останатите јавни обвинители, смета дека единствено Јавниот обвинител на РСМ е функционер, односно јавен обвинител кој што се избира од страна на Собранието на РСМ, додека останатите јавни обвинители ги избира Советот на јавните обвинители на РСМ. Од оваа причина смета дека мислењето на Советот е советодавно и смета дека ваквата настаната ситуација најдобро е да ја реши Собранието на РСМ. Лично кажа дека неговиот став по однос на предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ ќе биде позитивен, односно ќе гласа за предлогот на Владата на РСМ.

Г-дин Ермон Незири се осврна на неколку аспекти пред се во формално правен смисол и кажа дека станува збор за советодавен предлог. Кажа дека Владата на РСМ е предлагач, неспорно е дека

Собранието на РСМ го избира јавниот обвинител на РСМ и согласно тоа Јавниот обвинител на РСМ треба да одговара пред Собранието на РСМ. Се поставува дилема за што служи советодавното мислење на Советот во недоречен закон и каде што има мирување за разрешување на јавниот обвинител на РСМ, што според него е позитивен гест од причина што се води истрага за случувањата во Кочани и цени дека обвинителите се способни да одговорат на задачата и Советот треба да им пружи целосна подршка. Кажа дека ќе гласа негативно во однос на предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ од причина што цени дека Собранието на РСМ ќе има аргумент да оцени дали законското решение е правилно или не. Кажа дека би одел според КЗ и доколку нема аргументи би застанал на страната на Јавниот обвинител на РСМ и се надева дека Собранието на РСМ кое носи закони ќе најде законско решение каде ќе се детектираат и ќе се утврдат начините на разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, каде што Советот предлага и измена на ЗЈО, а поднесениот предлог за разрешување на јавниот обвинител на РСМ го оценува како негативен и ќе гласа против истиот.

Членот на Советот г-ѓа Кети Петкова кажа дека го има разгледано и проучено предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, како и произнесувањето на Јавниот обвинител на РСМ по предлогот за разрешување. Воедно истакна дека се што ќе каже во однос на Јавниот обвинител на РСМ се однесува на настанот пред Кочани, бидејќи предлогот е донесен пред случувањата во Кочани. Во целост се согласи со излагањето на колешката Марјана Илиеска и колегата Ардиан Демири каде биле цитирани членови од ЗЈО и неможноста на Советот да утврди тешка дисциплинска одговорност на Јавниот обвинител на РСМ бидејќи согласно цитираните членови од ЗЈО, посебно членот 27 од ЗЈО каде Јавниот обвинител на РСМ за својата работа и работата на јавното обвинителство одговара пред Собранието на РСМ. Кажа дека во образложението на предлогот на Владата на РСМ се споменува индексот на перцепција на корупција 2024 година изработен од Транспаренси интернешенал Македонија, каде што Владата кажува дека оваа состојба е спротивна на законските обврски на Јавното обвинителство. Кажа доколку се погледне индексот на перцепција на корупцијата ќе се види дека една од забелешките кои што се однесуваат на Јавното обвинителство на РСМ е високата корупција, непроцесуирање на одлуките на ДКСК, а и самото било предмет на скандали со случаи на поранешен член на СЈОРСМ. Смета дека тогаш Јавниот обвинител на РСМ го донел Советот во непријатна ситуација со фактот што од судот не побарал определување на мерка суспензија од работно место член на Советот, со што Советот бил изложен на негативни импликации. Како втора забелешка во однос на постапувањето на Јавниот обвинител, кое е содржано во предлогот од Владата на РСМ, а се однесува на кривичниот предмет за судијата Наќе Георгиев и членот на Советот Ицет Мемети каде што стои: прво осомничениот користејќи ја својата сужбена положба лажно ветувал поволности за обвинет во друга постапка што се води каде лажно прикажале дека ќе извршеле влијание заедно со второ осомничениот членот на Советот на јавните обвинители на РСМ," бидејќи неспорно од ова произлегува дека се работи за некакво влијание на самиот републички јавен обвинител и ЈО на ОЈО ГОКК поради што најмалку што

можел јавниот обвинител на РСМ во овој предмет да стори е да побара свое изземање, односно да дозволи судот да донесе пресуда, а да не да се оди со спогодба. Воедно кажа дека предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ ќе го подржи од причина што истото кореспондира со нејзиното лично мислење, а не поради тоа што е предлог на Владата на РСМ. На страна 4 од одговорот на РЈО е наведено дека РЈО со цел на зголемување на ефикасноста на борбата против корупцијата донел задолжително упатство. Со донесувањето на ова упатство кое што е донесено веднаш по објавувањето на црната листа од страна на САД, се заклучува дека на ЈО на РСМ треба некој да го турка – потикнува да работи нешто за што е овластен по закон. Со мислење е дека сепак Собраниерто на РСМ е тоа кое треба да одлучи или не одлучи во однос на носењето на конечна одлука и воедно даде позитивно мислење на предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Владата како овластен предлагач на Јавниот обвинител на РСМ е овластена да предложи негово разрешување Кажа дека законодавецот предвидел Владата на РСМ да побара мислење од Советот на јавните обвинители на РСМ како тело кое цени дали се или не се исполнети условите за разрешување и ќе даде свое мислење по предлогот на Владата на РСМ. Лично смета дека разрешувањето на Јавниот обвинител на РСМ во согласно со ЗЈО и воспоставените меѓународни норми треба да биде базирано на јасни дефинирани критериуми, да се земат во предвид сериозноста на причините и да биде постапката основана. Разгледувајќи ги и проучувајќи го наводите по предлогот за разрешување на јавниот обвинител на РСМ доставен од Владата на РСМ, смета дека наводите се општи нејасно формулирани и од тие причини ќе даде негативно мислење во однос на предлогот на Владата на РСМ.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја повика јавноста да се врати на седница.

Откако јавноста се врати да присуствува на седницата, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ пред истекот на мандатот.

За предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ пред истекот на мандатот гласаа тројца члена на Советот и тоа: Марјана Илиеска, Ардиан Демири и Кети Петкова.

Против предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ пред истекот на мандатот гласаа шест члена на Советот и тоа: Душица Димитриеска, Башким Бесими, Јелена Догазанска Колева, Ермон Незири, Зорица Павловиќ и Светлана Стојковиќ.

Откако се заврши гласањето претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека со оглед на тоа што одлуките во Советот се носат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот, констатира дека мнозинството членови на Советот дале НЕГАТИВНО мислење по однос на предлогот на Владата на РСМ за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ.

Под точка Разно членот на Советот г-дин Ермон Незири по однос на јавноста која беше исклучена по оваа точка од дневниот ред кажа дека во наредните денови ќе биде изготвен записник кој ќе биде објавен на веб страната на Советот каде јавноста ќе биде запознаена со дискусиите на членовите на Советот.

Откако никој не зема збор под точка разно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дваесет и втората седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**